[redacted]

Примено: 21-12-2023 11 138/1

Скопје, 21.12.2023

До
Општина Битола
Бул. 1-ви Мај бр.61
Битола

**БАРАЊЕ**
**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Почитувани,

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ги бараме следните информации од јавен карактер:

1. Согласно Законот за локална самоуправа, општините се должни да подготват и усвојат годишни програми за животна средина. За усвоените годишни програми (ГП) на општината за Заштита на животната средина на 2022, 2021, 2020, ве молиме:

   1.1. Доставете ја усвоената годишна Програма за животна средина од страна на Советот на општината, за годините: 2022, 2021, 2020.

   1.2. Дали општината подготвува извештај за степенот на спроведување/реализација на проектите и активностите во усвоените годишни програми за животна средина за наведените години? Доколку Да, Ве молиме доставете ги.

   1.3. Програмата за животна средина се финансира од различни извори на финансирање, Ве молиме доставете податоци за програмите за наведените три години:

      a. колкава вредност се финансирала од трансфери од МЖСПП - и преку која буџетска програма на МЖСПП,
      b. колкава вредност се од сопствени приходи на ЕЛС, и
      c. колкава вредност преку донации доколку има.

2. Ве молиме поодделно за изворите на финансирања на општинските програми за Животна средина за трите години: 2022, 2021, 2020?

   2.1. На кое приходно конто (според правилникот на Сметковниот плана за буџетските корисници – на 6 цифри) се евидентираат приливите за програмата за заштита на животната средина, а кои се добиваат од страна на МЖСПП? И дали се евидентираат на буџетска програма Р (според програмската класификација на буџетите)?

   2.2. Дали општината подготвува посебна програма за животна средина која се однесува на средствата добиени од *Надомест за производство на енергија од фосилни горива*, или истите се планираат во рамки на Програмата за животна средина? Доколку се планираат во посебни програми ве молиме доставете ги за наведените години 2022, 2021, 2020 ?

   2.3. Согласно распределбата на *Надомест за производство на енергија од фосилни горива за* вашата општина Ве молиме за наведете ги поодделно за секоја од трите години:

      a. Листа на планираната активност/проект која се предвидува да се реализира од конкретниот надомест,
      b. планираната финансиска вредност на проектот/активноста, и
      c. реализираната вредноста на проектот/активноста?

[redacted]

[redacted]



2.4. На кое приходна потставка (според правилникот на Сметковниот плана за буџетските корисници – на 6 цифри) се евидентираат приливите од Надомест за производство на енергија од фосилни горива? И во која буџетска програма (според програмската класификација на буџетите)?

2.5. Дали средствата од наведениот надомест се трансферираат до ЕЛС по реализирана активност, авансно или преку цесија?

2.6. Дали за ЕЛС постои ограничување во видот на активности кои можат да се финансираат од овој надомест?

3. Во врска со надоместокот за Б-интегрирана еколошка дозвола

3.1. Дали општината води Регистар на Б- интегрирани еколошки дозволи?

3.2. Во регистарот за Б- интегрирани еколошки дозволи колкав е бројот на оператори кои се евидентирани како активни иматели на Б – интегрирана дозвола кои плаќаат годишен надоместок?

3.3. Колкав број на Б- интегрирани еколошки дозволи се издадени во 2023 (до сега), 2022, 2021, 2020?

3.4. Дали ЕЛС приходите прибрани во по основ на надомест за Б – интегрирана дозвола се водат исклучиво на буџетска потставка (718127)? Доколку не, ве молиме наведете на која буџетска потставка се водат приходите по основ на Б – интегрирана дозвола?

3.5. Дали ЕЛС прави редовен надзор на операторите кои имаат Б- дозвола, и дали во изминатите три години наплатила надоместок од операторите за редовен надзор? Ако да колку надзори направила и во која вредност на приходи прибрала по тој основ на година?

4. Во врска со Надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основа на простор и по основа на експлоатирана минерална суровина)

4.1. За кои намени ЕЛС ги троши приходите од Надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини?

4.2. Дали приходите од Надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини се добиваат на посебна буџетска сметка на ЕЛС? Ако да на која?

4.3. За какво вид на минерални суровини ЕЛС добива надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини?

4.4. Дали ЕЛС приходите од надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини единствено ги евидентираат на буџетска потставка (733119 и 733120)? Доколку не ве молиме наведете на која буџетска потставка (дополнителна) се водат приходите по основ на Надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини ?

Ве молиме бараната документација да ни ја доставите во електронска форма или доколку документите се само во писмен формат да ни овозможите увид во истите и можност за копија.

Информациите Ве молиме да ги доставите на следниве електронски адреси:

[redacted]

Контакт информации:

[redacted]

[redacted]

[redacted] 

Однапред благодариме на соработката.

Со почит,

[redacted]

**CEE Bankwatch Network**
Heřmanova 1088/8, Prague 7, 170 00, Czech Republic
Email: main@bankwatch.org, http://www.bankwatch.org

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за урбанистичко планирање
и заштита за животна средина

Бр.11-138/2
25.12.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-138/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Примил:
25.12.2023

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

______________________

Евгенија Чукалева

______________________

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Кирил Мицевски
Раководител Општински инспекторат

Бр.11-138/3
25.12.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-138/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

______________________

Евгенија Чукалева

______________________

Примено
25.12.2023

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До

Раководител на одделение финансиски прашања

Бр.11-138/4
25.12.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-138/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

____________________________

Евгенија Чукалева

____________________________

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

| *Реден број* | *Има на правниот субјект* | *дејност* | *Годишен надоместок ден.* | *забелешка* |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ДПТ „Конкрит Солушнс“ ДООЕЛ | Бетонска база | 1363 денари | **Издадена 05.05.2021 година** |
| 2. | Стентон градба ДОО | Бетонска база | 1759 денари | **Издадена Измена и обнова 02.09.2022** |
| 3. | ИМВ индустрија за млеко Велковски | млекара | 915 денари | **Издадена 27.06.2017 година** |
| 4. | ГП Пелистер | Бетонска база | | **ДУОП и поднесено Барање за Б дозвола 15.11.2022 година** |
| 5. | Фабрика за квасец | Производство | 1890 денари | **Издадена 29.10.2020 година** |
| 6. | ДОО Варади | Живинарска фарма | | **ДУОП 08.11.2013 година** |
| 7. | ДООЕЛ Бели Мост с Лисолај | Живинарска фарма | 753 денари | **Издадена 10.11.2017 година** |
| 8 | Винарскка визба Лозар | Винарска визба | 1674 денари | **Издадена 14.05.2015 година** |
| 9. | Лапор | Бетонска база | 1420 денари | **Издадена 01.08.2008 година Направен предносод АД Пелагонија градба на 30.12.2008 година** |
| 10. | **Здравје Радово** | Млекара | | **Не е завршена во процедура** |
| 11. | **ГП Пелистер** | Бетонска база | | **продолжување** |
| 12. | **Лакталис** | млекара | | **20.01.2023 година** |
| 13. | **ИМБ Млекара** | | | **?** |
| 14. | **Стентон каменолом** | | | **Одбиена** |
| **ДУОП** | | | | |
| 1 | **Варади** | Живинарска фарма | | **08.11.2013 година** |
| **Издадени дозволи но постројките повеќе не работат** | | | | |
| 1. | **Бит конзул** | Живинарска фарма | / | **ДУОП не работи** |
| 2. | **Млин Стојчев** | пекара | | **ДУОП** |
| 3. | **Микена** | печатница | | **ДУОП** |
| 4. | **Пелагонија комерц** | Бетонска база | | **ДУОП Б дозвола Лапор** |
| 5. | **Фустеларко** | Ф-ка за амбалажа | | **ДУОП** |
| 6. | **Маврово** | | | |
| 7. | **Радевски компани** | Млекара | | |
| | | | | |

# И З В Е Ш Т А Ј

за реализација на
Програма за животна средина на подрачјето на Општина Битола
за 2020 година, заклучно со 31.12.2020 година

Подносител на Извештајот:
Комисија за човекова средина, во соработка со Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животна средина

Доносител на извештајот
Совет на Општина Битола

Битола, Март 2021 година

Врз основа на чл. 36 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ Бр. 5/2002), чл. 22 од Статутот на Општина Битола (Сл. Гласник на Општина Битола Бр. 10/05 и 17/08) и Програмата за работа на Општина Битола, Советот на Општина Битола на својата Седница одржана на ден ____________ 2021 година го усвои следниот:

**И З В Е Ш Т А Ј**

за реализација на

Програма за животна средина на подрачјето на Општина Битола

за 2020 година, заклучно со 31.12.2020 година

Програмата за животна средина на подрачјето на Општина Битола за 2020 година, како рамка за спроведување на политиката за заштита и унапредување на животната средина е реализирана низ следните постапки:

## 1. ЗАШТИТА НА КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТАЛНИОТ ВОЗДУХ

- Оценување на квалитетот на амбиенталниот воздух преку редовни мерење и следења на државната мрежа, изготвување на месечни и годишни извештаи и редовно информирање на граѓаните на територијата на општина Битола преку соопштенија при надминување на граничните вредности (праг на алармирање и праг на информирање).

Согласно Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за гранични вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиенталниот воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на граничните вредности, маргини на толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни цели (Службен весник на Република Македонија бр.183 од 14.12. 2017) во кој е дефиниран прагот на алармирање

за суспендирани честички со големина од десет микрометри (PM10) надминување на вредноста од 188 $\mu g/m^3$ во текот на два последователни денови и добиената временска прогноза од Управата за хидрометеоролошки работи, истиот беше надминат во месец јануар и со Одлука на Советот на општина Битола за првпат поради надминување на вредноста односно поради зголемено загадување на амбиенталниот воздух спроведена е мерката за субвенционирање на бесплатен превоз на 31.01.2020 година за граѓаните на територијата на општина Битола.

Искористени средства за субвенционирање на бесплатниот превоз на ден 31.01.2020 година во висина од 56.936,00 денари

Прилог 1

Извештај по квалитетот на амбиенталниот воздух по месеци за 2020 година

- Замена на печките кои користат огревно дрво преку субвенционирање високоефикасни инвертер клима уреди за намалување на загадувањето.

На редовната 159-та седница на 14.10.2019 година која се одржа во зградата на Општина Битола, Владата на РСМ соопшти дека на Општина Битола и се доделени 155.000.000,00 денари за субвенционирање на високоефикасни инвертер клима уреди.

Јавниот повик за доделување на средства за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди започна на 18.09.2020 година, и по завршување на истиот беа доделени 2500 клима уреди се со цел замена на тврдо и фосилно гориво и намалување на изворите на загадување водејќи грижа за здравјето на граѓаните.

После завршување на фаза 1 од Јавниот повик следеше доискорустување на средствата пришто беа доделени уште 183 инвертери.

Вкупниот број на доделени клима инвертери на Јавниот повик за искористување на средствата доделени од страна на Влада на РСМ е 2683 односно 154 108 533,00 денари, односно 2683 извори на загадување со Јавниот повик на Општина Битола се затворени.

- Стимулирање на здравите навики – продолжување на субвенционирањето на жителите на општината за купување на велосипеди.

Спроведен еден Јавен повик и доделени средства за субвенционирање на жителите на општината за купен велосипед во вредност од 50% од сумата на платен велосипед.

Средства наменети за спроведување на оваа мерка во висина од 1 000 000 денари и реализирани 989 368,00 денари .

- Изработка на Катастар на загадувачи – во тек

- Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина изготви:

    - Електронски Регистар на сите одобрени елаборати од 2010 заклучно со тековната година
    - Регистар на сите одобрени елаборати и Б интегрирани еколошки дозволи со координати (местоположба), дејност, вид на енергенс кој го користат.

- Набавени се 4 еко возила на метан ( 2 комбиња и 2 минибуси) од страна на Општина Битола за почиста животна средина и решавање на проблемот со загадувањето.
- Зголемени Инспекциски контроли на оџаците во домаќинствата, индустриските и занаетчиски постројки обврска пропишана во законот за комунални дејности.
- Јавно информирање за загадувањето предизвикано од согорување на отпад, земјоделски остатоци, шумски пожари- континуирано

## 2. ЗАШТИТА ОД ВОДИТЕ

- Чистење на речното корито и потпорните ѕидови на кејот на реката Драгор се извршува континуирано секоја година од страна на Општина Битола во соработка со јавните претпријатија ЈП Комуналец и ЈП Нискоградба.
- Проект Пречистителна станица

Изработен колекторскиот систем за собирање на отпадните води од домаќинствата и туристичките објекти од селото Трново. Овај колекторски систем, понатаму, ќе се шири кон останатите делови од селото Трново и Магарево.

Колекторскиот систем ќе овозможи отпадните води што досега не биле третирани од подпелистерието да бидат опфатени согласно светските стандарди.

Изработка на секундарна мрежа и поставување на приклучоци до домаќинствата од село Трново.

За отпадните води на хотел Молика се изработува техничка документација за уште една помала пречистителна станица со колекторски систем.

## 3. ЗАШТИТА НА ПОЧВИТЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПОВРШИНИ

- Реализиран Проектот Еко офанзива 1 уредување и обезбедување на нови зелени површини, детски паркови.

Во првата фаза од проектот во соработка со ЈП Комуналец оплеменети се следните локации:

1. МЗ Даме Груев – детски парк
2. населба Карпош – детски парк
3. наспроти ОУ Тодор Ангелевски – детски парк
4. ул.Тошо Даскалот (мв Бактериолошка) – зелена површина
5. ул.Батаљон Стив Наумов (мв Убавиците) - детски парк
6. Парк кај Бадо
7. Парк Анести Пановски
8. Парк Сезам
9. Парк Јадранска
10. Парк Брусничко-Лавчанска

- Изработка на Зелен Катастар – во тек

4. ЗАШТИТА ОД БУЧАВА

- Изработена сообраќајна студија и идеен проект за улица Довлеџик на потегот од крстосницата со улица Васко Карангелевски до мостот на р.Драгор
- Изработена сообраќајна студија и идеен сообраќаен проект со динамичка микроскопска симулација за организирање на режим на сообраќај во ЦГП

Подносител на Извештајот
Комисија за човекова
средина, во соработка со Одделение за урбанистичко
планирање и заштита на животна средина

Доносител на извештајот
Совет на Општина Битола

# И З В Е Ш Т А Ј

за реализација на
Програма за животна средина на подрачјето на Општина Битола
за 2021 година, заклучно со 31.12.2021 година

Подносител на Извештајот:
Комисија за човекова средина, во соработка со Одделение за
урбанистичко планирање и заштита на животна средина

Доносител на извештајот
Совет на Општина Битола

Битола, Март 2022 година

Врз основа на чл. 36 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ Бр. 5/2002), чл. 22 од Статутот на Општина Битола (Сл. Гласник на Општина Битола Бр. 10/05 и 17/08) и Програмата за работа на Општина Битола, Советот на Општина Битола на својата Седница одржана на ден ____________ 2022 година го усвои следниот:

**И З В Е Ш Т А Ј**

за реализација на

Програма за животна средина на подрачјето на Општина Битола

за 2021 година, заклучно со 31.12.2021 година

Програмата за животна средина на подрачјето на Општина Битола за 2021 година, како рамка за спроведување на политиката за заштита и унапредување на животната средина е реализирана низ следните постапки:

## 1. ЗАШТИТА НА КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТАЛНИОТ ВОЗДУХ

### 1.1 Реализација на Планот за подобрување на амбиенталниот воздух

Оценување на квалитетот на амбиенталниот воздух преку редовни мерење и следења на државната мрежа, изготвување на месечни и годишни извештаи и редовно информирање на граѓаните на територијата на општина Битола преку соопштенија при надминување на граничните вредности (праг на алармирање и праг на информирање).

Согласно Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за гранични вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиенталниот воздух и прагови на алармирање и информирање, рокови за постигнување на граничните вредности, маргини на толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни цели (Службен весник на Република Македонија бр.183 од 14.12. 2017), надминување на ПМ 10 честичките и тоа над 100 $\mu g/m^3$ во текот на два последователни денови и добиената временска прогноза од Управата за

хидрометеоролошки работи – Праг на алармирање на територијата на општината имаше во месец јануар (21.01.2021 година) и месец февруар праг на информирање (17-18,22-23,24 - 25).

Прилог 1

Извештај по квалитетот на амбиенталниот воздух по месеци за 2021 година

Ажурирање на електронски регистар на одобрени елаборати за заштита на животната средина

Водење и ажурирање на Регистар на одобрени и одбиени елаборати за заштита на животната средина - хартиена форма

Ажурирање на електронски регистар на Б интегрирани дозволи

Според Законот за амбиентален воздух обврска на општината е да изработи План за подобрување на амбиенталниот воздух. Истиот беше донесен од страна на Советот на општина Битола во 2013 година, додека во 2021 година Општина Битола беше избрана од страна на Министерството за животна средина како пилот општина за изработување и донесување на нов план за подобрување на квалитетот на амбиенталниот возхух.

Во месец фебруар 2022 година беше презентиран од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање и изработувачот Технолаб до Општина Битола, Градоначалник и Советниците нацрт новиот План за подобрување на амбиенталниот воздух, а во периодот кој следува истиот **ќе официјално промовиран.**

**1.2 Изградба на велосипедски и пешачки патеки и стимулирање на здрави навики – продолжување на субвенционирањето на жителите на општината за купување на велосипеди**

- Во текот на 2021 година се спроведени 2 јавни повици за субвенционирање на граѓаните со поврат на дел од потрошените средства при купување на велосипеди во висина од 1.400.000,00 денари.

Првиот повик со вредност од 700 000 денари, и после измената на програмата втор повик за субвенционирање на жителите на општината во висина од 1 000 000,00 денари.

Согласно измените во Програмата за животна средина за 2021 година, Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина спроведе јавна набавка за изработка на **Катастар на загадувачи** и со тоа доби уште еден стратешки документ. Изработката на Катастарот на загадувачи е со цел да се добие основна квалитативна и квантитативна база на податоци за состојбата со емиторите и емисијата на загадувачките супстанции во воздухот, водата, почвата, генералниот отпад и постапувањето со истиот, заради следење на трендовите на основните индикатори за квалитетот на животната средина во Општина Битола, како и заради контрола на успешноста на превземање на мерки врз основа на соодветните одлуки и решенија на локално ниво.

Неговата изработка е Согласно член 41 и 42 од Законот за животна средина и „ Правилник за формата, методологијата и начинот на водење и одржување на Катастар„ при што целосно беа опфатени и реализирани сите содржини и активности, обработени податоци, извршена верификација на истите, а потоа внесени во база на податоци.
Катастарот на загадувачи на територијата на Општина Битола е изработен, промовиран и објавен на web страната.

**Зголемени Инспекциски контроли на оџаците во домаќинствата**, индустриските и занаетчиски постројки обврска пропишана во законот за комунални дејности.
**Јавно информирање за загадувањето предизвикано од согорување на отпад, земјоделски остатоци, шумски пожари- континуирано**

## 2. ЗАШТИТА ОД ВОДИТЕ

**Чистење на речното корито и потпорните ѕидови на кејот** на реката Драгор се извршува континуирано секоја година од страна на Општина Битола во соработка со јавните претпријатија ЈП Комуналец и ЈП Нискоградба.

**Проект Пречистителна станица**
Изработен колекторскиот систем за собирање на отпадните води од домаќинствата и туристичките објекти од селото Трново. Овај колекторски систем, понатаму, ќе се шири кон останатите делови од селото Трново и Магарево.

Колекторскиот систем ќе овозможи отпадните води што досега не биле третирани од подпелистериото да бидат опфатени согласно светските стандарди.

Изработка на документација за секундарна мрежа и поставување на приклучоци до домаќинствата од село Трново.

## 3. ЗАШТИТА НА ПОЧВИТЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПОВРШИНИ

Согласно Програмата за животна средина за 2021 година, спроведена е мерката за уредување и обезбедување на нови зелени површини, зелени скверови како и одржување на постојните - **Проект Еко офанзива 1 и 2** чија реализација се одвиваше во две фази. Конкретните чекори кои беа дефинирани со овој Проект овозможуваат создавање на нови зелени површини и детски паркови.

- Во првата фаза од Проектот Еко офанзива 1 реализирани се 15 детски паркови во соработка со ЈП Комуналец, дел од нив се нови зелени површини, а дел се оплеменување на постоечки и доуредување со нови детски композиции

- Во Еко офанзива 2 спроведена е Јавна набавка за урбана опрема и нови зелени површини на нови 7 локации и тоа:

-Парк Смилевски Конгрес

-Парк позади Бадо

-Парк кај Симпо

-Парк со патека во Стив Наумов кај Дистрибуција

-Парк Борис Бастерот – ново училиште Даме Груев

-МЗ Кочо Десано

-Парк Хотел Битола

**Смарт (паметни) клупи**

Со измените и дополнувањата на Програмата за заштита на животната зголемени се средствата за набавка на смарт (паметни) клупи на 1.000.000,00 денари, спроведена е Јавна набавка за две клупи (помала и поголема) и избран е изведувач.

Поставени се две клупи и тоа: помалата клупа е поставена во паркот кај Магнолија, додека поголемата клупа е поставена до киното Манаки.

Финансиски средства

1. Субвенционирање за набавка на велосипеди .....................1.698.769,00 денари
2. Набавка на соларни клупи .................................................. 683.928,00 денари
3. Катастар на загадувачи .......................................................

Подносител на Извештајот

Комисија за човекова

средина, во соработка со Одделение за урбанистичко

планирање и заштита на животна средина

Доносител на извештајот

Совет на Општина Битола

# И З В Е Ш Т А Ј

за реализација на
Програма за животна средина на подрачјето на Општина Битола
за 2022 година, заклучно со 31.12.2022 година

Подносител на Извештајот:
Комисија за човекова средина, во соработка со Одделение за
урбанистичко планирање и заштита на животна средина

Доносител на извештајот
Совет на Општина Битола

Битола, Март 2023 година

Врз основа на чл. 36 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ Бр. 5/2002), чл. 22 од Статутот на Општина Битола (Сл. Гласник на Општина Битола Бр. 10/05 и 17/08) и Програмата за работа на Општина Битола, Советот на Општина Битола на својата Седница одржана на ден ____________ 2023 година го усвои следниот:

**И З В Е Ш Т А Ј**

за реализација на

Програма за животна средина на подрачјето на Општина Битола

за 2022 година, заклучно со 31.12.2022 година

Програмата за животна средина на подрачјето на Општина Битола за 2022 година, како рамка за спроведување на политиката за заштита и унапредување на животната средина е реализирана низ следните постапки:

## 1. ЗАШТИТА НА КВАЛИТЕТОТ НА АМБИЕНТАЛНИОТ ВОЗДУХ

### 1.1 Реализација на Планот за подобрување на амбиенталниот воздух

Оценување на квалитетот на амбиенталниот воздух преку редовни мерење и следења на државната мрежа, изготвување на месечни и годишни извештаи и редовно информирање на граѓаните на територијата на општина Битола преку соопштенија при надминување на граничните вредности (праг на алармирање и праг на информирање).

Согласно Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за гранични вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиенталниот воздух и прагови на алармирање и информирање, рокови за постигнување на граничните вредности, маргини на толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни цели (Службен весник на Република Македонија бр.183 од 14.12. 2017), надминување на ПМ 10 честичките и тоа над 100 $\mu g/m^3$ во текот на два последователни денови и добиената временска прогноза од Управата за

хидрометеоролошки работи – Праг на алармирање на територијата на општината имаше во месец декември (29,30,31.12.2022 година) и праг на информирање (22 и 23.12.2022 година).

Прилог 1

Извештај по квалитетот на амбиенталниот воздух по месеци за 2022 година

Ажурирање на електронски регистар на одобрени елаборати за заштита на животната средина

Водење и ажурирање на Регистар на одобрени и одбиени елаборати за заштита на животната средина - хартиена форма

Број на издадени Елаборати за заштита на животната средина 16, од кои 2 одбиени, 1 повлечен и 13 одобрени.

Ажурирање на електронски регистар на Б интегрирани дозволи

Издадени 2 Б интегрирани дозволи

2 Дозволи во постапка.

Според Законот за амбиентален воздух обврска изработен е План за подобрување на амбиенталниот воздух 2023-2028 година.

Истиот беше презентиран од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање и изработувачот Технолаб до Општина Битола, Градоначалник и Советниците нацрт новиот План за подобрување на амбиенталниот воздух.

Согласно Законот за квалитет на амбиенталниот воздух и последнисте Измени и дополнувања на истиот Сл.весник 151/21 член 4 став 12 Советот на општината, односно Советот на Градот Скопје го усвојува Планот за квалитет на воздухот на предлог на градоначалникот по претходно добиена согласност и од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина и од органот на државнат управа за вршење на работите од областа на здравството.

Барање на согласности се испратени до горенаведените институции, после добивање на истите Планот го усвојува Советот на општина Битола.

1.2 **Катастар на загадувачи** - Согласно Програмата за животна средина за 2021 година, Општина Битола доби уште еден стратешки документ - Катастар на загадувачи на територија на Општина Битола. Со изработката на Катастарот на загадувачи се доби основна квалитативна и квантитативна база на податоци за состојбата со емиторите и емисијата на загадувачките супстанции во воздухот, водата, почвата, генералниот отпад и постапувањето со истиот, заради следење на трендовите на основните индикатори за квалитетот на животната средина во Општина Битола, како и заради контрола на успешноста на превземање на мерки врз основа на соодветните одлуки и решенија на локално ниво. Неговата изработка е Согласно член 41 и 42 од Законот за животна средина и „Правилник за формата, методологијата и начинот на водење и одржување на Катастар„ при што целосно беа опфатени и реализирани сите содржини и активности, обработени податоци, извршена верификација на истите, а потоа внесени во база на податоци.

Во Програмата за животна средина за 2023 година беа предвидени средства за исплата на Катастарот на загадувачи.

1.3 **Изработка на Зелен катастар на територијата на Општина Битола** - Дел 1

Изработен е стратешки документ согласно Законот за јавно зеленило член 5 став 1.

Истиот беше презентиран пред Советот на Општина Битола и после неговото донесување се со цел негово ажурурање, Зелениот катастар им беше предаден на ЈКП Комуналец Битола.

Имено со изработка на Зелениот катастар дел 1 беше зафатено ЦГП од кружен тек Педагошка – Булевар 1ви Мај- Парк Саат Кула-Широк Сокак и дел од Градскиот парк.

1.4 **Изработка на ЛЕАП согласно чл. 61 од Законот за Животна средина. ЛЕАП е развоен стратешки документи за состојбите, за идентификување на слабостите и за предлагање мерки и активности за подобрување на состојбите.**

**не знам што да се напише!!!!!**

### 1.5 Услуги за заловување и стручен третман на кучињата скитници и нерегистрирани кучиња на територијата на Општина Битола

Спроведена Јавна набавка и избран оператор ДПТУ ПРОВЕТАЛЕК ДООЕЛ увоз-извоз Новаци Договор бр.08-1125/1 од 17.10.2022 година.
Јавната набавка беше во висина од 400.000,00 денари, во прилог на Извештајот Ви ги доставуваме и податоците за заловени и истретирани регистрирани и нерегистрирани заловени на јавна површина.

## 2. УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

На 8, 9 и 10 мај 2022 година Општина Битола во соработка со Пивара Скопје, Пакомак, Министерство за животна средина, Министерство за земјоделие и Мен енд Маунтен учествуваше во акција наречена Генералка викенд се со цел подигнување на јавната свест и грижата за животната средина.
Во акцијата учествуваа околу 50 сончеви пионери , 1000 ученици, исто толкав број на граѓани по урбани заедници, општествено одговорни фирми и јавни претпријатија.
Покрај чистење во круговите на училиштата и урбаните заедници беше исчистен и магистралниот пат М5 (обиколницата на УЗ Баир).
Во акцијата беа собрани 5м3 пластика, 5м3 хартија, 30м3 мешан отпад, 6м3 гломазен отпад, 30м3 друг отпад и 200 м3 отпад од чистење на диви депонии.

## 3 . СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ

### 3.1 Субвенционирање на жителите на општината за купување на велосипеди

- Во текот на 2022 година е спроведен јавен повик за субвенционирање на граѓаните со поврат на дел од потрошените средства при купување на велосипеди во висина од 1.000.000,00 денари.

### 3.2 Субвенционирање на енергетска ефикасност

Спроведени 2 Јавни повици за субвенционирање на енергетска ефикасност во вредност од 3.000.000,00 денари.
После спроведување на двата јавни повици избрани се 4 згради кои ги исполнаа условите зададени во јавните повици, со станбените сервиси се склучени Договори и заклучно со

31.12.2022. Договорниот орган се обврза сукцесивно да ги исплати субвенционираните финансиски средства за поставување на енергетско ефикасна фасада на станбена зграда за колективно домување доделени согласно Решенијата., и тоа во процентуален износ од 2/3 од вкупно доделената вредност односно 500.000,00 (петстотини илјади денари) денари при по потпишување на овој Договор а преостанатите средства во износ од 250.000,00 (двестотини и педесет илјади денари) денари ќе бидат исплатени по завршување на реконструкцијата на објектот, односно по спроведување на надзорот од субјектот кој што ги исполнува законските услови за вршење на соодветната дејност ангажиран и финансиран од страна на Управителот на станбената зграда односно Заедницата на сопственици.
Исплатата на преостанатите финансиски средства ќе бидат предвидени и исплатени согласно Програмата (Р1) – ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА на Општина Битола за 2023 година.

Програмата за животна средина за 2022 година 3 пати беше изменувана и надополнувана.

Со првата измена на Програмата за животна средина за 2022 година во Поглавјето 1 Заштита на квалитетот на амбиенталниот воздух во делот Ажурурање на Катастар на загадувачи се додаде нов став Катастар на загадувачи и предвидените финансиски средства се прераспределуваат и тоа 25.000,00 денари за Ажурирање и 175.000,00 денари за Катастар на загадувачи.
Во истото Поглавје број 1 Субвенционирање на домаќинствата за редовно чистење на оџаците во текот на годината се брише и предвидените финансиски средства се пренасочиа во Субвенционирање на колективни згради за уредување на дворните места со што предвидените финансиски средства за истата од 700.000,00 денари се зголемуваат на 1.000,000,оо денари.
Додаден е и нов став Поглавие 5 Решавање на проблемот со бездомните и нерегистрираните кучиња- услуги за заловување и стручен третман на кучињата скитници и нерегистрираните кучиња на територијата на Општина Битола.
Во поглавието број 2 Заштита од отпад
Став 4 Поставување на повратни вендинг машини за рециклирање на пластични шишиња и лименки во рамките на Проектот РРР-редуцирај, рециклирај, реупреби се бриши согласно планираните финансиски средства во точка 4 истите се намалуваат, дел од средствата се пренасочуваат во горенаведената Програма за бездомни животни 400.000,00 денари , 100.000,00 се додаваат во горенаведениот став Катастар на загадувачи, а останатите 1.500.000,00 денари се пренасочиа кон други програми.

Со втората измена во поглавието број 1 став 4 Изработка на ЛЕАП се изврши зголемување на предвидените финансиски средства од 400.000 денари со нови 72.000 денари, додека во Поглавјето број 4 Заштита на почвите и уредување на зелени површини планираните финансиски средства за субвенционирање на колективни згради за уредување на дворни места се намалиа од 1.000.000,00 денари на 928.000,00 денари.

Со последната измена на Програмата за животна средина за 2022 година Прегледот на финансиски средства останува непроменето додека делот на капитални финансиски средства-Набавка на опрема за видео надзор се измени со Физибилити студија за видео надзор.

За истата беше изработена техничка спецификација и Проектна програма, се спроведе јавна набавка, истата беше поништена бидејќи од страна на единствената понуда не беше согласно барањата во тендерската документација, начинот и условите за поднесување во ЕСЈН .

**Капитални проекти**

Финансиски средства за реализација на Програмата за животна средина за 2022 година

1. Изработка на зелен катастар ................................................. .500.000,00 денари
2. Катастар на загадувачи ...............................................175.000,00 денари
3. Услуги за заловување и стучен третман на кучињата скитници и нерегистрираните кучиња на територијата на Општина Битола..................................400.000,00 денари
4. Субвенционирање на енергетска ефикасност ...........................3.000.000,00 денари
5. Субвенционирање за набавка на велосипеди .....................1.000.000,00 денари

Подносител на Извештајот
Комисија за човекова
средина, во соработка со Одделение за урбанистичко
планирање и заштита на животна средина

Доносител на извештајот

Подготвил:

Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина

Разгледува:

Комисија за човекова околина

Донесува:

Совет на општина Битола

ОПШТИНА БИТОЛА

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА 2020

Битола

Декември 2019

Содржина:

Вовед ......................................................................................................................3
Цели на програмата......................................................................................................3
Заштита на квалитетот на амбиенталниот воздух ........................................................3
Заштита од отпад ..........................................................................................................5
Заштита на водите .........................................................................................................6
Заштита на почвите и уредување на зелените површини ............................................7
Заштита од бучава .........................................................................................................8
Подигнување на јавната свест.......................................................................................8
Финансирање на проектите предвидени со оваа програма ........................................9
Реализација на програмата ...........................................................................................9
Завршни одредби ..........................................................................................................9

## Вовед

„Секој човек има право на здрава животна средина. Секој е должен да ја унапредува и штити животната средина и природата„ - Устав на Република Северна Македонија.

Правото на чиста и здрава животна средина е фундаментално граѓанско право чие целосно и доследно почитување претставува услов за подобро здравје, поквалитетен и подолг живот на граѓаните. Затоа секој граѓанин е подеднакво должен да го штити, чува и унапредува природниот екосистем.

## Цели на програмата

Мерките и активностите за заштита и унапредување на животната средина се од јавен интерес, Општина Битола е должна да планира соодветни активности и од својот буџет да обезбеди финансиски средства за таа цел.

Програмата ги утврдува мерките за заштита на животната средина и природата на подрачјето на Општина Битола за 2020 година, преку конкретни активности во рамките на сите медиуми (воздух, водата и почвата) и областите на животната средина (отпадот, бучавата, природата, биодиверзитетот, климата...) и сите елементи кои претставуваат неделива целина од животната средина.

Со Програмата се дефинираат конкретните проекти, потребата од нивно реализирање, целите кои со тоа ќе се постигнат и потребните финансиски средства.

## Заштита на квалитетот на амбиенталниот воздух

**Реализација на Планот за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух**

Управување на квалитетот на амбиенталниот воздух се врши преку:

Оценување на квалитетот на амбиенталниот воздух се врши врз основа на редовни мерења преку државната мрежа како и користење на техники за моделирање

Донесување и спроведување на плански документи

Законот за квалитет на амбиенталниот воздух ја утврдува обврската за изработка на План за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух во рамките на зони и агломерации.

Планот е донесен од страна на Совет на Општина Битола во 2013 год. додека реализацијата и спроведувањето на мерките предвидени со Планот треба да се одвиваат во континуитет.

Улога на совет, градоначалник и локална самоуправа при реализирање на програмата за животна средина

**Замена на печките кои користат огревно дрво со инвертер клими за драстично намалување на загадувањето, преку мерки за субвенционирање.**

Со оваа мерка се овозможуваат услови и се стимулираат граѓаните да купуваат модерен систем за затоплување се со цел подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух.

**Субвенционирање на домаќинствата за енергетско ефикасни фасади**

Финансиска поддршка за граѓаните во висина од 20% од вредноста на инвестицијата за енергетска изолација.

**Изградба на велосипедски и пешачки патеки и стимулирање на здрави навики – продолжување на субвенционирањето на жителите на општината за купување на велосипеди**

Континуирано информирање на граѓаните за предностите од користење на јавниот превоз, на велосипеди и електрични скутери се со цел намалено загадување.

Изнајмување на велосипеди согласно донесената Сообраќајна студија на град Битола ( Службен гласник бр.11 од 29.08..2011) .

Предлог локации каде што би се изнајмувале велосипеди:

- Комплекс згради Довлеџик (влез од правец Охрид)
- Спортска сала „Младост„ (алтернатива е паркиралиштето под Тумбе кафе)
- Стрелиште (влез од правецот Скопје)
- Хотел Епинал
- Паркиралиште Нов Пазар

**Субвенционирање на домаќинствата за редовно чистење на оџаците**

Субвенционирање на оџаци е со цел да се поттикнат граѓаните да ангажираат лиценцирани фирми и да се намалат штетните емисии од нечистите оџаци бидејќи

неисчистениот оџак е дупло поголем загадувач. Субвенционирањето се врши два пати годишно и тоа после сезона и пред сезона.

Изработка на Катастар на загадувачи

Изработка на Регистар на оџаци

Потврдите за извршеното чистење на оџаците ќе се доставуваат до општината која ќе ги води во регистар на домаќинства кои се грејат со огревно дрво.

**Зголемени инспекциски контроли на оџаците во домаќинствата, индустриските и занаетчиски постројки**

Оваа обврска е пропишана во законот за комунални дејности.

**Набавка на додатни возила со еко стандард на плин**

**Користење на мерки за намалување на прашината при градежни активности** (прскање, миење на гуми пред излез од градилиште и т.н.)

**Јавно информирање за загадувањето предизвикано од согорување на отпад, земјоделски остатоци, шумски пожари**

**Програма за намалување на аерозагадувањето и нејзина имплементација во 2019 и 2020 година во сите сегменти :**

- Мониторинг
- Инспекција
- Јавна кампања
- Измени на соодветни закони
- Секторите кои се најкритични извори на загадување (домашно затоплување, транспорт, индустрија, градежништво, урбано зеленило, отпад)

Со имплементација на оваа Програма се очекува намалување на загадувањето на воздухот од 30 – 50 % до 2020 година.

## Заштита од отпад

**Поставување на поголем број на еко острови**

- Син контејнер за фрлање на хартија ( отпадоци од хартија, весници, хартиени вреќи)
- Зелен контејнер во кој се депонира отпад од метал (лименки, конзерви, метални кутии и капачиња)

- Жолт контејнер во кој се фрлаат пластични отпадоци (пластични шишиња, чаши, кутии, ќеси, најлон фолии)

**Поставување на нови корпи за отпадоци , нови контејнери**

Унапредување на системот за управување со отпади спроведување на Програмата за управување со отпад

**Акција за собирање на пластика, акција за чистење на градот**

(мапирање и расчистување на дивите депонии), неделна агенда на ЈП Комуналец за отстранување и спроведување на кабастиот отпад, градежен шут од пред домовите на граѓаните со точно определување на кој ден каков вид на отпад ќе се подигнува. Акцијата има двојна цел и тоа подобрување со управувањето на отпадот во Општина Битола, како и подобрување на здравите навики кај жителите;

**Зголемени инспекциски контроли** на градилиштата и собирањето на градежен шут и зголемени инспекциски контроли на субјектите кои управуваат со отпадни гуми и отпадни масла

**Активности во урбаните заедници:**

Анкетирање на јавното мислење со прашалници на теми од област заштита на животната средина и комуналните работи

Организирање на форуми за дискусија и средби со граѓаните

Едукативни флаери „Намали,искористи,употреби„ - зголемување на јавната свест за рециклирање и грижење за животната средина

Активностите се изведуваат во соработка со ЈП Комуналец

## Заштита на водите

**Чистење на речното корито и потпорните ѕидови од кејот на реката Драгор** кое се организира секоја година од страна на Општина Битола во соработка со јавните претпријатија ЈП Комуналец и ЈП Нискоградба. На места каде коритото на реката е пониско да се преземат дејствија како би се исчистило, проширило и подигнало во висина како не би настанале прелевање и излевање на реката во период на обилни врнежи

**Проект Пречистителна станица**

Ги опфаќа отпадните води од Битола, селата Кравари и Долно Оризари, подпелистерските села, а со тоа се решава проблемот со загадувањето на река Драгор,

Црна Река и Петтиот Канал. Во наредниот период следува експропријација на земјиштето и финалната фаза на изградба на пречистителната станица кон крајот на 2020 година.

Проект Пречистителна станица во Подпелистерието

Оваа пречистителна станица е една од предностите што ги има Општина Битола и Националниот парк „Пелистер", истата претставува голем потенцијал за развојот на туризмот во Општина Битола. 2020 година се очекува да се пушти во употреба.

## Заштита на почвите и уредување на зелените површини

Акција за нови зелени површини, зелени скверови како и одржување на постојните

**Проектот Еко офанзива** е прва фаза од реализацијата на Проектот од уредување и обезбедување на нови зелени површини чија реализација ќе се одвива во две фази. Конкретните чекори кои ќе бидат дефинирани со овој Проект овозможуваат создавање на нови зелени површини и детски паркови на 70% од предвидените локации во Програмата.

**Реализација на сквер "Дрвен Пазар"**- уредување на јавната површина и озеленување, поставување на урбана опрема – клупи, осветлување, корпи за отпадоци и тезги за продажба на книги, сувенири, цвеќе, зачини...

**Нов градски парк во Нова Битола**

**Пошумување со иглолисна шума на обиколницата Снеговско – Облаковски масив** простор на падините под манастирот Св.Атанас (Стрчин) голините над Лавчанска населба (опфат 18км2 )

**Создавање на зелени коридори (иглолисни дрва)** од запад кон исток за внесување на свеж воздух (во должина од 5км) како и два појаси како тампон зона меѓу индустриската зона и јагленокопот на РЕК Битола од едната страна и Град Битола од другата (во должина од 12 км)

**Изградба на зелена ограда, односно до пресекот со железничката пруга со ниска ограда** и засадување на зимзелени лилјани (4,2км) како и на мостовите на реката Драгор и постоечките огради на јавните институции посебно градинките и училиштата

**Изработка на Зелен Катастар во соработка со ЈП Комуналец**

Отстранување на диво поставените гаражи во зоните за колективно домување, изработка на проектни решенија за уредување на истите и трансформација во места со исклучителни вредности – решавање на паркирањето но и формирање на зелени оази со места за одмор и рекреација, детски катчиња...

**Уредување на дворните површини во колективни и индивидуали станбени објекти** според Законот за комунални дејности и Закон за јавна чистота

Предлог за фаза I - уредување на дворните површини на колективните станбени згради на улица Филип II Македонски.

## Заштита од бучава

**Воведување на еднонасочен сообраќаен режим** во централното градско подрачје

**Активна имплементација и контрола на веќе воведениот сообраќаен режим** за тешки товарни возила и користење на постоечките обиколници

## Подигнување на јавната свест

Подигнување на јавната свест со реализација на кампањи, проекти, организирање на манифестации, одбележување на денови од еколошкиот календар, натпревари, дефилеа, работилници со пропаганден материјал и слично

Организирање на еколошки конкурси за развојот на екологијата преку наградување во повеќе категории:

- најубаво уреден двор
- најеколошка компанија
- најеколошка елка (изработена од картони, пластични шишиња, хартија)

најубава творба на тема екологија каде можат да се вклучат најмладите се со цел подигнување на јавната свест

## Финансирање на проектите предвидени со оваа програма

Финансирањето на проектите од оваа Програма, се врши од средства на:

Буџетот на РМ

Буџетот на Општина Битола – Програма Р1-Р10 - Износ: 5.000.000,00денари континуирано Јануари-Декември 2020 год.

Средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година во износ од 155.000.000,00 денари за заштита на квалитетот на амбиенталниот воздух – замена на печки кои користат огревно дрво со инвертер клими.

Средства на заинтересирани правни и физички лица чиишто барања и подрачја на интерес се прифатливи за Општината

Донации......
Меѓународни фондови....

## Реализација на програмата

За реализација на Програмата се поднесува Извештај за нејзиното спроведување, по завршување на планскиот период.

## Завршни одредби

Во текот на годината, Годишната Програма може да се менува и дополнува, во зависност од стратегијата и потребите на Општина Битола
За реализација на оваа Програма е задолжена Градоначалник на Општина Битола, Комисијата за човекова околина при Советот на Општина Битола и Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина на Општина Битола
Годишната програма ќе биде објавена во службено гласило на Општина Битола
Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општината Битола.

Подготвил:

Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина

Разгледува:

Комисија за човекова околина

Донесува:

Совет на општина Битола

ОПШТИНА БИТОЛА

# ПРЕДЛОГ ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА 2021

Битола

Декември 2020

Содржина:

Вовед ........................................................................................................................................3
Цели на програмата...................................................................................................................3
Заштита на квалитетот на амбиенталниот воздух...............................................................4
Заштита од отпад.......................................................................................................................5
Заштита на водите .....................................................................................................................6
Заштита на почвите и уредување на зелените површини...................................................7
Заштита од бучава .....................................................................................................................8
Подигнување на јавната свест..................................................................................................8
Финансирање на проектите предвидени со оваа програма ...............................................10
Реализација на програмата ....................................................................................................10
Завршни одредби....................................................................................................................10
Преглед на потребните финансиски средства согласно Планираната предлог програма...........11

## Вовед

Поаѓајќи од значењето на животната средина акцентирано во конвенциското право, во член 8 од Уставот на Република Северна Македонија, животната средина е поставена како вредност и право кое мора да се заштитува и унапредува. Уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата се темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

**„Секој човек има право на здрава животна средина. Секој е должен да ги унапредува и штити животната средина и природата. Републиката обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина", се пропишува во член 43 од Уставот на РСМ.**

Покрај уставните определби за животната средина, во правниот поредок се нормирани и повеќе прописи кои ги регулираат заштитата и унапредувањето на животната средина во Република Северна Македонија. Законот за животната средина, Законот за заштита на природата, Законот за водите, Законот за заштита од бучава во животната средина, Законот за квалитетот на амбиентниот воздух, Законот за управување со отпадот, се дел од овие прописи.

## Цели на програмата

Мерките и активностите за заштита и унапредување на животната средина се од јавен интерес, Општина Битола е должна да планира соодветни активности и од својот буџет да обезбеди финансиски средства за таа цел.

Програмата ги утврдува мерките за заштита на животната средина и природата на подрачјето на Општина Битола за 2021 година, преку конкретни активности во рамките на сите медиуми (воздух, водата и почвата) и областите на животната средина (отпадот, бучавата, природата, биодиверзитетот, климата...) и сите елементи кои претставуваат неделива целина од животната средина.

Со Програмата се дефинираат конкретните проекти, потребата од нивно реализирање, целите кои со тоа ќе се постигнат и потребните финансиски средства.

**Заштита на квалитетот на амбиенталниот воздух**

**Реализација на Планот за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух**

Управување на квалитетот на амбиенталниот воздух се врши преку :

Оценување на квалитетот на амбиенталниот воздух се врши врз основа на редовни мерења преку државната мрежа како и користење на техники за моделирање

Донесување и спроведување на плански документи

Законот за квалитет на амбиенталниот воздух ја утврдува обврската за изработка на План за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух во рамките на зони и агломерации .

Планот е донесен од страна на Совет на Општина Битола во 2013 год. додека реализацијата и спроведувањето на мерките предвидени со Планот треба да се одвиваат во континуитет .

Улога на Совет, Градоначалник и локална самоуправа при реализирање на Програмата за животна средина

**Изградба на велосипедски и пешачки патеки и стимулирање на здрави навики – продолжување на субвенционирањето на жителите на општината за купување на велосипеди**

Континуирано информирање на граѓаните за предностите од користење на јавниот превоз, на велосипеди се со цел намалено загадување.

Поставување и набавка на нови велопаркинзи и велоопрема на утврдени локации

- Стара битолска чаршија- Монмартр
- Борово
- Стара битолска чаршија - Кафана Бриони
- Градски парк кај Саатот
- Педагошка и други

Субвенционирање на домаќинствата за редовно чистење на оџаците

Субвенционирање на оџаци е да се поттикнат граѓаните да ангажираат лиценцирани фирми и да се намалат штетните емисии од нечистите оџаци бидејќи неисчистениот оџак е дупло поголем загадувач.

Субвенционирањето се врши два пати годишно и тоа после сезона и пред сезона.

**Изработка на Регистар на оџаци**

Потврдите за извршеното чистење на оџаците ќе се доставуваат до општината и истите ќе бидат заведени во Регистар на домаќинства кои се грејат со огревно дрво и на тој начин постепено би се изготвувал Регистарот на оџаци .

**Зголемени инспекциски контроли на оџаците во домаќинствата, индустриските и занаетчиски постројки;**

Оваа обврска пропишана во законот за комунални дејности.

**Користење на мерки за намалување на прашината при градежни активности** (прскање, миење на гуми пред излез од градилиште и т.н.);

**Јавно информирање за загадувањето предизвикано од согорување на отпад , земјоделски остатоци , шумски пожари;**

**Заштита од отпад**

**Поставување на повратни вендинг машини за рециклирање на пластични шишиња и лименки во рамките на Проектот**

**РРР- редуцирај,рециклирај,реупотреби**

**Проект #БитолаРецикира**

Целта е граѓаните на општина Битола да рециклираа РЕТ пластични шишиња и лименки, грижејќи се за околината и за животната средина за што ќе добијат субвенција од страна на Општина Битола за нивната грижа.

Предвидени средства : 2 000 000 денари

**Акција за собирање на пластиката , акција за чистење на градот**

- Годишни акции за чистење и бесплатно собирање на кабастиот отпад на ЈП Комуналец од пред домовите на граѓаните со точно определување на кој ден каков вид на отпад ќе се подигнува.

  Граѓаните-домаќинствата кабастиот отпад наменет за отфрлање се должни да го отстранат-складираат во време кое ќе го предвиди ЈП Комуналец, пред влезот на куќите односно дворовите (за индивидуалните станбени домаќинства), додека колективните станбени домаќинства во непосредна близина на станбената зграда. На начин што кабастиот отпад нема да го попречува слободното движење на пешаците и возилата од една страна, како и местото да биде пристапно за возилата на ЈП Комуналец да може несметано да се собере. Вон определениот датум и време, како и одлагање на друг вид отпад освен кабастиот отпад не е дозволено.Општината е должна да граѓаните-домаќинствата ги запознае за датумот и времето, како и начинот за правилно одлагање на кабастиот отпад. При тоа во координација со ЈП, да ги одреди –распореди месните заедници и населби каде и во кој ден ќе се спроведува акцијата.

  ЈП Комуналец е должно да одложениот кабаст отпад во одредените термини целосно го собере без надомест.
- Редовно мапирање и расчистување на дивите депонии

**Зголемени инспекциски контроли** на градилиштата и собирањето на градежен шут и зголемени инспекциски контроли на субјектите кои управуваат со отпадни гуми и отпадни масла;

**Заштита на водите**

**Чистење на речното корито и потпорните ѕидови од кејот на реката Драгор** кое се организира секоја година од страна на Општина Битола во соработка со јавните претпријатија ЈП Комуналец и ЈП Нискоградба; на места каде коритото на реката е пониско да се преземат дејствија како би се исчистило, проширило и подигнало во висина како не би настанале прелевање и излевање на реката во период на обилни врнежи

Проект Пречистителна станица

Изработен колекторскиот систем за собирање на отпадните води од домаќинствата и туристичките објекти од селото Трново.Овај колекторски систем, понатаму, ќе се шири кон останатите делови од селото Трново и Магарево. За тој дел од пречистителната станица е веќе напраена.

Колекторскиот систем ќе овозможи отпадните води што досега не биле третирани од подпелистериeто да бидат опфатени како што доликува и како што налагаат светските стандарди.

Изработка на секундарна мрежа и поставување на приклучоци до домаќинствата од село Трново.

За отпадните води на хотел Молика се изработува техничка документација за уште една помала пречистителна станица со колекторски систем.

**Заштита на почвите и уредување на зелените површини**

Акција за нови зелени површини, зелени скверови како и одржување на постојните

**Проектот Еко офанзива** е прва фаза од реализацијата на Проектот од уредување и обезбедување на нови зелени површини чија реализација ќе се одвива во две фази. Конкретните чекори кои ќе бидат дефинирани со овој Проект овозможуваат создавање на нови зелени површини и детски паркови на 70% од предвидените локации во Програмата.

**Нова градски парк во Нова Битола**

локација Хотел Епинал и ул.Смилевски Конгрес

**Поставување на вертикални градини на точно утврдени локации**

Вертикални градини со ширина 3м и висина 4м хортикултурно уредени и на истите поставени клупи заокружувајќи една целина на тема зелена градина

**Реализација на сквер "Дрвен Пазар"**- уредување на јавната површина и озеленување, поставување на урбана опрема – клупи, осветлување, корпи за отпадоци и тезги за продажба на книги, сувенири, цвеќе, зачини...

**Поставување на смарт (паметни) клупи на одредени локации**

-Широк Сокак

-Градски Парк кај Саат Кулата

- Нова Битола

-Градски Парк

Отстранување на диво поставените гаражи во зоните за колективно домување, изработка на проектни решенија за уредување на истите и трансформација во места со исклучителни вредности – решавање на паркирањето но и формирање на зелени оази со места за одмор и рекреација, детски катчиња...

**Заштита од бучава**

Континуирана изработка на сообраќајни проекти за зголемување на безбедноста и мобилноста на сообраќајот на сите учесници, воведување на велосипедски патеки на површини каде не постоеле истите

**Воведување на еднонасочен сообраќаен режим** во централното градско подрачје, Воведување на пешачки зони на места каде што биле коловозни ленти за автомобили - укинување на постоечки сообраќајници.

Насоки за намалување на бројот на возила и нивната фрекфенција низ потесното градско јадро.

Насоки за намалување на брзината на движење на возилата оформување на зона 10 и зона 30 во близина на основни и средни училишта како и во потесното градско јадро

Насоки за зголемување на бројот на паркинг места за нивна полесна достапност

**Активна имплементација и контрола на веќе воведениот сообраќаен режим** за тешки товарни возила и користење на постоечките обиколници

**Подигнување на јавната свест**

Одбележување на Светскиот ден на животната средина 5ти јуни како еден од најзначајните денови за поттикнување на глобалната свест за заштита на животната средина.

Целта е да ги охрабри луѓето да преземаат чекори за заштита на животната средина и да водат грижа за планетата .

Подигнување на јавната свест со реализација на проекти, организирање на манифестации, одбележување на денови од еколошкиот календар, натпревари,

дефилеа, работилници со пропаганден материјал и слично во соработка со ЈП Комуналец и Еко клуб.

**Финансирање на проектите предвидени со оваа програма**

Финансирањето на проектите од оваа Програма, се врши од средства на:

Буџетот на РМ;
Буџетот на Општина Битола - Износ: 5 000 000 денари континуирано Јануари-Декември 2021 год;
Средства на заинтересирани правни и физички лица чиишто барања и подрачја на интерес се прифатливи за Општината;
Донации......
Меѓународни фондови....

**Реализација на програмата**

За реализација на Програмата се поднесува Извештај за нејзиното спроведување, по завршување на планскиот период.

**Завршни одредби**

Во текот на годината, Годишната Програма може да се менува и дополнува, во зависност од стратегијата и потребите на Општина Битола;
За реализација на оваа Програма е задолжена Комисијата за човекова околина при Советот на Општина Битола и Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина на Општина Битола;
Годишната програма ќе биде објавена во службено гласило на Општина Битола;
Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општината Битола.

Изработил

Љубо Атанасовски - Советник за животна средина

Александра Ангеловска - Соработник за животна средина

Преглед на потребните финансиски средства согласно Планираната предлог програма

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Набавка на вендинг машини | 2 000 000 денари |
| 2. | Субвенционирање на велосипеди | 700 000 денари |
| 3. | Велопаркинзи и велоопрема | 300 000 денари |
| 3. | Субвенционирање на чистење на оџаци | 350 000 денари |
| 4. | Кампања за заштита на животна средина | 400 000 денари |
| 5 | Регистар на оџаци | 250 000 денари |
| 6. | Проект Еко офанзива | 400 000 денари |
| 7. | Набавки на смарт ( паметни ) клупи | 600 000 денари |
| | Вкупно : | 5 000 000 денари |

Подготвил:
Сектор за спроведување на урбанистичкипланови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште
Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина

**Разгледува:**
**Комисија за заштита на човековата средина**
**Преставник на комисија:**
**Валентина Андријашевиќ-Кривашија**
**Александра Ангеловска**
**Донесува:**
**Совет на Општина Битола**

# П Р О Г Р А М А
## за измена и дополнување на Програмата за животна средина за 2021 година

**ЈУНИ 2021**
**Битола**

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на __.05.2021 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за измена и дополнување на Програмата за животна средина**
**за 2021 година**

Во Програмата за животна средина за 2021 година се врши измена и дополнување на истата како и измена во Прегледот на потребните финансиски средства согласно усвоената Програма.
Во поглавието број 1 - Заштита на квалитетот на амбиенталниот воздух, ставовите 4 и 5 се бришат и се додаваат следните ставови:

- нов став - Катастар на загадувачи, за истиот, во табеларниот приказ - Преглед на потребните финансиски средства, согласно Планирана програма во точка 3 се планираат 200 000 денари,
- се додава нов став -Субвенционирање на мерки за заштита на амбиенталниот воздух, за истиот, во гореспоменатиот табеларниот приказ во точка број 5 се предвидуваат 1 500 000 денари.
- ставот за субвенционирање на велосипеди, наместо планираните 700 000 денари во табеларниот приказ под точка број 2 се врши зголемување на средствата на 1 700 000 денари.

Во поглавието 4 - Заштита на почвите и уредување на зелените површини, се додава нов став - Зелен катастар, за истиот во табеларниот приказ во кој се прикажани потребните финансиски средства во точка 4 се планираат 300 000 денари .

**Завршни одредби**

Во текот на годината, Годишната Програма може да се менува и дополнува, во зависност од стратегијата и потребите на Општина Битола;
За реализација на оваа Програма е задолжена Комисијата за заштита на човековата средина при Советот на Општина Битола и Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина на Општина Битола,
Програмата за измена и дополнување на Програмата ќе биде објавена во Службен Гласник на Општина Битола;
Програмата влегува во сила истиот ден на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола.

Прилог
- Табеларен приказ на потребните финансиски средства согласно усвоената Програма за заштита на животната средина за 2021 година

Бр.09-__/_
__.06.2021год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски

Р 1 – Заштита на животната средина

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | 480190 Купување на друга опрема | Набавки на смарт ( паметни ) клупи | 1 000 000денари |
| 2. | 464990 Разни трансфери | Субвенционирање на велосипеди | 1 700 000 денари |
| 3. | 480190 Купување на друга опрема | Велопаркинзи и велоопрема | 300 000 денари |
| 3. | 426990 други оперативни расходи | Катастар на загадувачи | 200 000 денари |
| 4. | 426990 други оперативни расходи | Зелен катастар | 300 000 денари |
| 5 | 464990 Разни трансфери | Субвенции | 1 500 000 денари |
| | | Вкупно : | 5 000 000 денари |

Подготвил:

Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина

Разгледува:

Комисија за човекова околина

Донесува:

Совет на општина Битола

ОПШТИНА БИТОЛА

ПРЕДЛОГ ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА за 2022 година

Битола

Декември 2021

Содржина:

Вовед ....................................................................................................................................3

Цели на програмата...............................................................................................................3

Заштита на квалитетот на амбиенталниот воздух.................................................................4

Заштита од отпад....................................................................................................................7

Заштита на водите ..................................................................................................................8

Заштита на почвите и уредување на зелените површини ....................................................9

Заштита од бучава ..................................................................................................................9

Подигнување на јавната свест..............................................................................................10

Финансирање на проектите предвидени со оваа програма .................................................11

Реализација на програмата ..................................................................................................11

Завршни одредби..................................................................................................................11

Преглед на потребните финансиски средства согласно Планираната предлог програма...........12

Вовед

„Секој човек има право на здрава животна средина. Секој е должен да ги унапредува и штити животната средина и природата. Републиката обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина", се пропишува во член 43 од Уставот на РСМ.

Покрај уставните определби за животната средина, во правниот поредок се нормирани и повеќе прописи кои ги регулираат заштитата и унапредувањето на животната средина во Република Северна Македонија. Законот за животната средина, Законот за заштита на природата, Законот за водите, Законот за заштита од бучава во животната средина, Законот за квалитетот на амбиентниот воздух, Законот за управување со отпадот, се дел од овие прописи.

**Цели на програмата**

Мерките и активностите за заштита и унапредување на животната средина се од јавен интерес, а Општина Битола е должна да планира соодветни активности и од својот Буџет да обезбеди финансиски средства за таа цел.

Програмата ги утврдува мерките за заштита на животната средина и природата на подрачјето на Општина Битола за 2022 година, преку конкретни активности во рамките на сите медиуми (воздух, водата и почвата) и областите на животната средина (отпадот, бучавата, природата, биодиверзитетот, климата...) и сите елементи кои претставуваат неделива целина од животната средина.

Со Програмата се дефинираат конкретните проекти, потребата од нивно реализирање, целите кои со тоа ќе се постигнат и потребните финансиски средства.

**Заштита на квалитетот на амбиенталниот воздух**

Управување на квалитетот на амбиенталниот воздух се врши преку :

**Реализација на Планот за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух**

Планот за подобрување на амбиенталниот воздух е стратешки документ според Законот за амбиентален воздух, Член 26, чија основна цел е превземање на мерки за намалување на нивоата на загадување и постигнување на соодветните гранични вредности за квалитет во утврдениот временски период согласно пропис донесен врз основа на овој закон. Истиот е донесен од страна на Совет на Општина Битола (Службен Гласник бр.16 25.11.2013 година). На територијата на Општина Битола, согласно овој стратешки документ, поставени се две мерни станици Битола 1 и Битола 2 преку кои секојдневно се следи квалитетот на амбиенталниот воздух.

За Општина Битола, како пилот општина избрана од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање се изработува нов 5 годишен План за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух.

Реализацијата и спроведувањето на мерките предвидени со Планот треба да се одвиваат во континуитет, а истите се однесуваат на:

- Оценување на квалитетот на амбиенталниот воздух кое се врши врз основа на редовни мерења преку државната мрежа како и користење на техники за моделирање
- **Ажурирање на Катастар на загадувачи - Согласно Програмата за животна средина за 2021 година, Општина Битола** доби уште еден стратешки документ - **Катастар на загадувачи на територија на Општина Битола**. Со изработката на Катастарот на загадувачи се доби основна квалитативна и квантитативна база на податоци за состојбата со емиторите и емисијата на загадувачките супстанции во воздухот, водата, почвата, генералниот отпад и постапувањето со истиот, заради следење на трендовите на основните индикатори за квалитетот на животната средина во Општина Битола, како и заради контрола на успешноста на превземање на мерки врз основа на соодветните одлуки и решенија на локално

ниво. Неговата изработка е Согласно член 41 и 42 од Законот за животна средина и „Правилник за формата, методологијата и начинот на водење и одржување на Катастар„ при што целосно беа опфатени и реализирани сите содржини и активности, обработени податоци, извршена верификација на истите, а потоа внесени во база на податоци.

Доажурирање на постоечкиот Катастар на загадувачи со внесување на податоците од тековната година согласно Решенија за одобрени елаборати за заштита на животната средина и нови Б интегрирани дозволи е мерка предвидена за 2022година.

- **Изработка на Зелен катастар на територијата на Општина Битола, кој претставува** стратешки документ согласно Законот за јавно зеленило член 5 став1
- **Изработка на ЛЕАП согласно чл. 61 од Законот за Животна средина. ЛЕАП е развоен стратешки документи за состојбите, за идентификување на слабостите и за предлагање мерки и активности за подобрување на состојбите.**
- Продолжување на континуитетот за стратешко планирање на сообраќајот – Изработка на Сообраќајна студија на град Битола, во која ќе бидат имплементирани сите претходно изработени сообраќајни студии, проекти и планови. Спроведување на **мерката за намалување на загадувањето на воздухот во ЦГП предвидена со Сообраќајната студија за ЦГП од 2021година** и воведување на еднонасочен сообраќаен режим во централното градско подрачје, со цел за намалување на бројот на возила и нивната фрекфенција низ потесното градско јадро со насоки за намалување на брзината на движење на возилата, оформување на зона 10 и зона 30 во близина на основни и средни училишта како и во потесното градско јадро. Трансформација на дел од сообраќајниците во пешачки зони, односно формирање на зони без моторни возила.
- Подобрување на јавниот превоз,
- **Изградба на велосипедски и пешачки патеки и стимулирање на здрави навики – продолжување на субвенционирањето на жителите на општината за**

**купување на велосипеди** и континуирано информирање на граѓаните за предностите од користење на велосипеди.

- **Безбедна и удобна инфраструктура која ќе овозможи независно и брзо движење низ градот и намалено загадување.**
- Континуирана изработка на урбанистички и сообраќајни проекти за реализација на оваа мерка за намалување на загадувањето на воздухот, но истовремено и намалување на бучавата и зголемување на безбедноста и мобилноста на сообраќајот на сите учесници. Реализација и изградба на **велосипедски и пешачки патеки, за кои е** изработена планска и проектна документација.
- Активна имплементација и контрола на веќе воведениот сообраќаен режим за тешки товарни возила и користење на постоечките обиколници
- Поставување и набавка на нови велопаркинзи и велоопрема на утврдени локации: Стара битолска чаршија- Монмартр, кај Борово, Стара битолска чаршија - Кафана Бриони, Градски парк кај Саатот, Педагошка и други
- **Субвенционирање на домаќинствата за редовно чистење на оџаците во текот на целата година.** Субвенционирање на оџаци е да се поттикнат граѓаните да ангажираат лиценцирани фирми и да се намалат штетните емисии од нечистите оџаци бидејќи неисчистениот оџак е двојно поголем загадувач. Субвенционирањето се врши два пати годишно и тоа после сезона и пред сезона.
- **Изработка на Регистар на оџаци**

  Потврдите за извршеното чистење на оџаците ќе се доставуваат до општината и истите ќе бидат заведени во Регистар на домаќинства кои се греат со огревно дрво и на тој начин постепено би се изготвувал Регистарот на оџаци. Во истиот да се имплементираат корисниците на субенции за инвертер клими согласно повикот од 2020/2021година.
- За прв пат оваа година во Програмата за заштита на животната средина ќе се инвестира во Енергетска обнова на колективните станбени згради постари од 25 години., се со цел да се намали потрошувачката на енергија и да се исфрли огревното дрво како енергенс за загревање. Општина Битола ќе субвенционира дел од средствата за поставување на нова термоенергетска фасада.

- Зголемени инспекциски контроли на оџаците во домаќинствата, индустриските и занаетчиски постројки.Оваа обврска пропишана во законот за комунални дејности.
- **Користење на мерки за намалување на прашината при градежни активности** (прскање, миење на гуми пред излез од градилиште и т.н.) Зголемени инспекциски контроли на градилиштата и собирањето на градежен шут и зголемени инспекциски контроли на субјектите кои управуваат со отпадни гуми и отпадни масла
- **Јавно информирање за загадувањето предизвикано од согорување на отпад , земјоделски остатоци , шумски пожари**
- Засилени инспекциски контроли на корисниците на субенции за инвертер клими - да не користат огревно дрво како енергенс
- Засилени инспекциски контроли на останатите загадувачи на територија на Општина Битола
- Донесување и спроведување на планските документи во надлежност на Советот, Градоначалникот и локалната самоуправа за нивна реализација.

**Управување со отпад**

- **Акција за собирање на пластиката , акција за чистење на градот**

  Годишни акции за чистење и бесплатно собирање на кабастиот отпад на ЈП Комуналец од пред домовите на граѓаните со точно определување на кој ден каков вид на отпад ќе се подигнува. Граѓаните-домаќинствата кабастиот отпад наменет за отфрлање се должни да го отстранат-складираат во време кое ќе го предвиди ЈП Комуналец, пред влезот на куќите односно дворовите (за индивидуалните станбени домаќинства), додека колективните станбени домаќинства во непосредна близина на станбената зграда. На начин што кабастиот отпад нема да го попречува слободното движење на пешаците и возилата од една страна, како и местото да биде пристапно за возилата на ЈП Комуналец да може несметано да се собере. Вон определениот датум и време,

како и одлагање на друг вид отпад освен кабастиот отпад не е дозволено.Општината е должна да граѓаните-домаќинствата ги запознае за датумот и времето, како и начинот за правилно одлагање на кабастиот отпад. При тоа во координација со ЈП, да ги одреди –распореди месните заедници и населби каде и во кој ден ќе се спроведува акцијата. ЈП Комуналец е должно да одложениот кабаст отпад во одредените термини целосно го собере без надомест.

- Редовно мапирање и расчистување на дивите депонии и оплеменување на просторот со нови зелени површини и фитнес зони.
- **Јавен повик за собирање на хаварисаните возила на јавни површини**
- **Изработка и набавка на апликација за мобилен телефон за селекција на отпад под мотото 3Р (Редуцијај, Рециклирај, Реупотреби) во соработка со ЈП Комуналец**
- **Поставување на повратни вендинг машини за рециклирање на пластични шишиња и лименки во рамките на Проектот РРР- редуцирај, рециклирај, реупотреби.**
- **Проект #БитолаРециклира.** Целта е граѓаните на општина Битола да рециклираа РЕТ пластични шишиња и лименки, грижејќи се за околината и за животната средина за што ќе добијат субвенција од страна на Општина Битола за нивната грижа.

**Заштита на водите**

- **Чистење на речните корита на територија на Општина Битола**
- **Чистење на речното корито и потпорните ѕидови од кејот на реката Драгор** кое се организира секоја година од страна на Општина Битола во соработка со јавните претпријатија ЈП Комуналец и ЈП Нискоградба. На места каде коритото на реката е пониско да се превземат дејствија за проширување на коритото, подигнување на висината на потпорните зидови, со цел да не настане, прелевање и излевање на реката во период на обилни врнежи
- **Проект Пречистителна станица**

- Континуитет во реализација на Проектот за пречистителна станица на град Битола
- Реализација на изработен проект за колекторски систем за собирање на отпадните води од домаќинствата и туристичките објекти од селото Трново. Овај колекторски систем, понатаму, ќе се шири кон останатите делови од селото Трново и Магарево и приклучи на веке изградената пречистителна станица. Следува изработка на секундарна мрежа и поставување на приклучоци до домаќинствата од село Трново. За отпадните води на хотел Молика се изработува техничка документација за уште една помала пречистителна станица со колекторски систем.

**Заштита на почвите и уредување на зелените површини**

Акција за нови зелени површини, зелени скверови како и одржување на постојните

Продолжување на Проектот Еко офанзива 3.

- Изградба на спортско рекреативен центар, нов парк во Нова Битола и изградба на локални парковски површини – паркови во урбаните заедници. Уредување на паркинзи со дрвореди и зеленило.
- Подигање на дрвореди на тротоарите и вело патеките.
- Отстранување на диво поставените гаражи во зоните за колективно домување, изработка на проектни решенија за уредување на истите и трансформација во места со исклучителни вредности – решавање на паркирањето, но и формирање на зелени оази со места за одмор и рекреација, детски катчиња...

**Заштита од бучава**

Континуирана изработка на сообраќајни проекти за зголемување на безбедноста и мобилноста на сообраќајот на сите учесници, воведување на велосипедски патеки на површини каде не постоеле истите.

**Воведување на еднонасочен сообраќаен режим** во централното градско подрачје, Воведување на пешачки зони на места каде што биле коловозни ленти за автомобили - укинување на постоечки сообраќајници.

- Насоки за намалување на бројот на возила и нивната фрекфенција низ потесното градско јадро.

- Насоки за намалување на брзината на движење на возилата оформување на зона 10 и зона 30 во близина на основни и средни училишта како и во потесното градско јадро
- Насоки за зголемување на бројот на паркинг места за нивна полесна достапност

**Подигнување на јавната свест**

Подигнување на јавната свест со реализација на проекти, организирање на манифестации, одбележување на денови од еколошкиот календар, натпревари, дефилеа, работилници со пропаганден материјал и слично во соработка со ЈП Комуналец , градинки и основни училишта.

Целта е да ги охрабри луѓето да преземаат чекори за заштита на животната средина и да водат грижа за планетата .

Одбележување на Светскиот ден на животната средина 5ти јуни како еден од најзначајните денови за поттикнување на глобалната свест за заштита на животната средина.

Во насока на заштита на животната средина треба да се напомене и реализацијата на пкапиралните проекти за гасификација и топлификација на град Битола, кои ќе влијаат врз намалување на загадувањето и намалување на трошоците за енергија.

## Финансирање на проектите предвидени со оваа програма

Финансирањето на проектите од оваа Програма, се врши од средства на:

- Буџетот на РСМ
- Буџетот на Општина Битола
- Средства на заинтересирани правни и физички лица чиишто барања и подрачја на интерес се прифатливи за Општината
- Донации
- Меѓународни фондови

## Реализација на програмата

За реализација на Програмата се поднесува Извештај за нејзиното спроведување, по завршување на планскиот период.

## Завршни одредби

Во текот на годината, Годишната Програма може да се менува и дополнува, во зависност од стратегијата и потребите на Општина Битола.
За реализација на оваа Програма е задолжена Комисијата за човекова околина при Советот на Општина Битола, Советот на Општина Битола, Градоначалникот на Општина Битола и Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина на Општина Битола
Годишната програма ќе биде објавена во службено гласило на Општина Битола.
Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општината Битола.

Изработил

Александра Ангеловска - Соработник за животна средина

**Преглед на потребните финансиски средства од Буџетот на Општина Битола согласно Програма за животна средина за 2022година**

| | | |
|---|---|---|
| | **Програма за животна средина** | **Буџет: 3 000 000,00 денари** |
| 1. | Изработка на Зелен Катастар | 500 000 денари |
| 2. | Изработка на ЛЕАП | 400 000 денари |
| 3. | Ажурирање на Кастар на загадувачи | 100 000 денари |
| 4. | Набавка на вендинг машини | 2 000 000, 00 денари |
| | **Субвенции** | **Буџет: 5 000 000,00 денари** |
| 1 | Субвенционирање на набавка на велосипеди | 1 000 000,00 денари |
| 2 | Субвенционирање на чистење на оџаци | 300 000 денари |
| 3 | Субвенционирање на енергетска ефикасност | 3 000 000,00 денари |
| 4 | Субвенционирање на колективни згради за уредување на дворните места | 700 000 денари |
| | **Капитални** | |
| 1 | Набавка на опрема за видео наздор | 1 500 000,00 денари |
| | **Вкупен буџет** | **9 500 000, 00 денари** |

**Подготвил:**
**Сектор за спроведување на урбанистичкипланови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**
Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина

**Разгледува:**
**Комисија за заштита на човековата средина**
**Преставник на комисија:**
**Валентина Андријашевиќ-Кривашија**
**Љубо Атанасовски**
**Александра Ангеловска**
**Тони Јовановски**
**Донесува:**
**Совет на Општина Битола**

# П Р О Г Р А М А
## за измена и дополнување на Програмата за животна средина за 2022 година

**АПРИЛ 2022**
**Битола**

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.12.2021 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за измена и дополнување на Програмата за животна средина**
**за 2022 година**

Во Програмата за животна средина за 2022 година се врши измена и дополнување на истата како и измена во Прегледот на потребните финансиски средства согласно усвоената Програма.
Во поглавието број 1 Заштита на квалитетот на амбиенталниот воздух во делот Ажурирање на Катастар на загадувачи се додава нов став Катастар на загадувачи, предвидените финансиски средства се прераспределуваат и тоа 25.000,00 денари за Ажурирање и 175.000,00 денари Катастар на загадувачи.Горенаведени ставови и предвидените финансиски средства се прикажани во табеларниот приказ;
Во истото поглавје број 1 дел Субвенционирање на домаќинствата за редовно чистење на оџаците во текот на целата година се брише и предвидените финансиски средства се пренасочуваат во Субвенционирање на колективни згради за уредување на дворните места со што предвидените финансиски средства за истата од 700.000,00 денари се зголемуваат на 1.000.000,00 денари. Истите ќе бидат прикажани и во табеларениот приказ.
Се додава ново поглавие број 5 Решавање на проблемот со бездомните и нерегистрирани кучиња- Програма за решавање на проблемот со бездомните животни на подрачјето на Општина Битола

- нов став – услуги за заловување и стручен третман на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња на територијата на Општина Битола за истите во табеларниот приказ - Преглед на потребните финансиски средства, согласно Планирана програма во точка 5 се планираат 400 000 денари

Додека во поглавието број 2 Заштита од отпад

- став 4 Поставување на повратни вендинг машини за рециклирање на пластични шишиња и лименки во рамките на Проектот РРР- редуцирај, рециклирај, реупотреби се брише, согласно планираните финансиски средства во точка 4 истите се намалуваа, дел од средствата се пренасочуваат во горенаведената Програма за бездомните животни 400.000,00 денари, 100.000,00 денари се додаваат во горенаведениот став Катастар на загадувачи, а останатите 1.500 000, 00 денари се пренасочуваат во други програми.

**Завршни одредби**

Во текот на годината, Годишната Програма може да се менува и дополнува, во зависност од стратегијата и потребите на Општина Битола;
За реализација на оваа Програма е задолжена Комисијата за заштита на човековата средина при Советот на Општина Битола и Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина на Општина Битола,
Програмата за измена и дополнување на Програмата ќе биде објавена во Службен Гласник на Општина Битола;

Програмата влегува во сила истиот ден на објавувањето во ,,Службен гласник на Општината Битола.

Прилог
- Табеларен приказ на потребните финансиски средства согласно усвоената Програма за заштита на животната средина за 2022 година

Бр.09-__/_
__.04.2022год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Габриела Илиевска

| | **Програма за животна средина** | **Буџет: 1 500 000,00 денари** |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на Зелен Катастар | 500 000 денари |
| 2. | Изработка на ЛЕАП | 400 000 денари |
| 3. | Ажурирање на Кастар на загадувачи | 25.000,00денари |
| 4. | Катастар на загадувачи | 175 000, 00 денари |
| 5. | Услуги за заловување и стручен третман на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња на територијата на Општина Битола | 400 000,00 денари |
| | **Субвенции** | **Буџет: 5 000 000,00 денари** |
| 1 | Субвенционирање на набавка на велосипеди | 1 000 000,00 денари |
| 3 | Субвенционирање на енергетска ефикасност | 3 000 000,00 денари |
| 4 | Субвенционирање на колективни згради за уредување на дворните места | 1 000 000,00 денари |
| | **Капитални** | **1 500 000,00 денари** |
| 1 | Набавка на опрема за видео наздор | 1 500 000,00 денари |
| | **Вкупен буџет** | **8 000 000, 00 денари** |

Подготвил:
Сектор за спроведување на урбанистичкипланови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

Разгледува:
Комисија за заштита на човековата средина
Донесува:
Совет на Општина Битола

# П Р О Г Р А М А
## за измена и дополнување на Програмата за животна средина за 2022 година

**ОКТОМВРИ 2022**
**Битола**

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 27.12.2021 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за измена и дополнување на Програмата за животна средина**
**за 2022 година**

Во Програмата за животна средина за 2022 година се врши измена и дополнување на истата како и измена во Прегледот на потребните финансиски средства согласно усвоената Програма.
Во Прегледот на потребните финансиски средства делот на капитални финансиски средства –Набавка на опрема за видео надзор се менуваат со Физибилити студија за видео надзор.
Средствата остануваат непроменети.

**Завршни одредби**

Во текот на годината, Годишната Програма може да се менува и дополнува, во зависност од стратегијата и потребите на Општина Битола;
За реализација на оваа Програма е задолжена Комисијата за заштита на човековата средина при Советот на Општина Битола и Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина на Општина Битола,
Програмата за измена и дополнување на Програмата ќе биде објавена во Службен Гласник на Општина Битола;
Програмата влегува во сила истиот ден на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола.

Прилог
- Табеларен приказ на потребните финансиски средства согласно усвоената Програма за заштита на животната средина за 2022 година

Бр.09-__/_
__.10.2022год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Габриела Илиевска

| | Програма за животна средина | Буџет: 1.572.000,00 денари |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на Зелен Катастар | 500.000,00 денари |
| 2. | Изработка на ЛЕАП | 472.000,00 денари |
| 3. | Ажурирање на Кастар на загадувачи | 25.000,00 денари |
| 4. | Катастар на загадувачи | 175.000,00 денари |
| 5. | Услуги за заловување и стручен третман на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња на територијата на Општина Битола | 400 000,00 денари |
| | **Субвенции** | **Буџет: 4.928.000,00 денари** |
| 1 | Субвенционирање на набавка на велосипеди | 1 000 000,00 денари |
| 2 | Субвенционирање на енергетска ефикасност | 3 000 000,00 денари |
| 4 | Субвенционирање на колективни згради за уредување на дворните места | 928.000,00 денари |
| | **Капитални** | **1 500 000,00 денари** |
| 1 | Физибилити студија за видео надзор | 1 500 000,00 денари |
| | **Вкупен буџет** | **8 000 000, 00 денари** |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина

Битола
31-Сл. Од 03.07.2023 година

**До**

**Совет на Општина Битола**

Почитувани,

Во Програмата за животна средина за 2023 година се врши измена и дополнување на Прегледот на потребните финансиски средства согласно усвоената Програма.

И тоа:

- Во Програмата Р1 – услуги за заловување и стручен третман на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња на територијата на Општина Битола за истите во табеларниот приказ - Преглед на потребните финансиски средства, се надополнуваат нови 1.000.000,00 денари бидејќи средства од 400.000,00 денари се исцрпени.
- Во Програмата Р1 во делот Субвенции - субвенционирање на инвертер клима уреди средствата од 1.600.000,00 денари се надополнуваат со нови 3.195.124,00 денари и се зголемуваат на 4.795.124,00 денари.
- Во Програмата Р1 во делот Субвенции субвенционирање на енергетска ефинасност на колективните згради Јавен повик од 2022 година за доисплата на добитниците според Договорот се надополнуваат со 250.000 денари и се зголемуваат од 750.000,00 на 1.000.000,00 денари

Во прилог Ви ја доставуваме измените и дополнувањата на Програмата за животна средина за 2023 година со финансискиот преглед.

Со почит,

Изработил: Александра Ангеловска
Контролирал: Љубо Атанасовски диа

Раководител на одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина

____________________________________

м-р Валентина А. Кривашија диа

| | Програма за животна средина | Буџет: 2.897.000,00 денари |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на Зелен Катастар дел втори | 500.000,00 денари |
| 2. | Услуги за заловување и стручен третман на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња на територијата на Општина Битола | 1.000.000,00 денари (400.000,00 денари искористени) |
| 3. | Ажурирање на Кастар на загадувачи за 2022 и 2023 година | 25.000,00 денари |
| 4. | Уредување колективни згради на дворните места со зелени површини и поставување на урбана опрема во соработка со ЈП Комуналец со Договор за префрлување на средствата | 500.000,00 денари |
| 5. | Изработка на ЛЕАП | 472.000,00 денари |
| | **Субвенции** | **10.520.124,00 денари** |
| 1 | Субвенционирање на инвертер клима уреди | 4.795.124,00 денари |
| 3 | Субвенционирање на енергетска ефикасност колективни згради | 3.125.000,00 денари |
| 4 | Субвенционирање на енергетска ефикасност на колективни згради Јавен повик од 2022 година за доисплата на добитниците според Договор | 1.000.000,00 денари |
| 5 | Субвенционирање на замена на дограма за домаќинства | 1.600.000,00 денари |
| | **Капитални** | **1.500.000,00 денари** |
| 1 | Физибилити студија за видео надзор | 1 500 000,00 денари |
| | **Вкупен буџет** | **14.917.124,00денари** |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина

Битола
31-Сл. Од 5.09.2023 година

**До**

**Совет на Општина Битола**

Почитувани,

Во Програмата за животна средина за 2023 година се врши измена и дополнување на Прегледот на потребните финансиски средства согласно усвоената Програма.

И тоа:

- Во Програмата Р1 – услуги за заловување и стручен третман на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња на територијата на Општина Битола за истите во табеларниот приказ - Преглед на потребните финансиски средства, се надополнуваат нови 1.000.000,00 денари бидејќи средства од 400.000,00 денари се исцрпени.
- Во Програмата Р1 во делот Субвенции - субвенционирање на инвертер клима уреди средствата од 1.600.000,00 денари се надополнуваат со нови 3.195.124,00 денари и се зголемуваат на 4.795.124,00 денари.
- Во Програмата Р1 во делот Субвенции-субвенционирање на енергетска ефинасност на колективните згради Јавен повик од 2022 година за доисплата на добитниците според Договорот се надополнуваат со 250.000 денари и се зголемуваат од 750.000,00 на 1.000.000,00 денари
- Во Програмата Р1 во делот Субвенции-Субвенционирање на енергетска ефикасност колективни згради, за исплата се планирани 525 000,00денари, останување не искористени средства во износ од 2. 600. 000, 00денари

Во прилог Ви ја доставуваме измените и дополнувањата на Програмата за животна средина за 2023 година со финансискиот преглед.

Со почит,

Изработил: Александра Ангеловска
Контролирал: Љубо Атанасовски диа

Раководител на одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина

---

м-р Валентина А. Кривашија диа

| | | Програмата за животна средина за 2023 година<br><br>**Буџет** | Измени и дополнувања на Програмата за животна средина за 2023 година<br>**Ребаланс** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| | **Животна средина** | | | |
| 1. | Изработка на Зелен Катастар дел втори | 500.000,00 денари | | |
| 2. | Услуги за заловување и стручен третман на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња на територијата на Општина Битола | 400.000,00 денари | 1.000.000,00 денари | 1.400. 000,00денари |
| 3. | Ажурирање на Кастар на загадувачи за 2022 и 2023 година | 25.000,00  денари | | |
| 4. | Уредување колективни згради на дворните места со зелени површини и поставување на урбана опрема во соработка со ЈП Комуналец со Договор за префрлување на средствата | 500.000,00 денари | | |
| 5. | Изработка на ЛЕАП | 472.000,00 денари | | |
| | **Субвенции** | | | |
| 1 | Субвенционирање на инвертер клима уреди | 1.600.000,00 денари | 3.195.124,00 денари | 4.795.124,00 денари. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | Субвенционирање на енергетска ефикасност колективни згради | 3.125.000,00 денари | 2.600. 000,00денари<br>( се одзема) | 525. 000,00 денари |
| 4 | Субвенционирање на енергетска ефикасност на колективни згради Јавен повик од 2022 година за доисплата на добитниците според Договор | 750.000,00 | 250.000 денари | 1.000.000,00 денари |
| 5 | Субвенционирање на замена на дограма за домаќинства | 1.600.000,00 денари | | |
| | **Капитални** | | | |
| **1** | Физибилити студија за видео надзор | 1.500.000,00 денари | | |
| | **Вкупен буџет** | **10.472.000,00ден** | | **12. 317. 124,00ден** |

Подготвил:

Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање,заштита на животната средина,комунални дејности и уредување на градежно земјиште

Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина

Разгледува:

Комисија за човекова околина

Донесува:

Совет на општина Битола

ОПШТИНА БИТОЛА

# ПРЕДЛОГ ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА за 2023 година

Битола

Декември 2022

Содржина:

Вовед ....................................................................................................................................3

Цели на програмата...............................................................................................................3

Заштита на квалитетот на амбиенталниот воздух...............................................................4

Управување со отпад...............................................................................................................5

Уредување на дворни места во колективни домувања ......................................................6

Подигнување на јавната свест.................................................................................................6

Финансирање на проектите предвидени со оваа програма ...............................................7

Реализација на програмата ....................................................................................................7

Завршни одредби ....................................................................................................................7

Преглед на потребните финансиски средства од Буџетот на Општина Битола согласно Програма за животна средина за 2023 година..................................................................8

Вовед

„Секој човек има право на здрава животна средина. Секој е должен да ги унапредува и штити животната средина и природата. Република обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина", се пропишува во член 43 од Уставот на РСМ.

Покрај уставните определби за животната средина, во правниот поредок се нормирани и повеќе прописи кои ги регулираат заштитата и унапредувањето на животната средина во Република Северна Македонија. Законот за животната средина, Законот за заштита на природата, Законот за водите, Законот за заштита од бучава во животната средина, Законот за квалитетот на амбиентниот воздух, Законот за управување со отпадот, се дел од овие прописи.

**Цели на програмата**

Мерките и активностите за заштита и унапредување на животната средина се од јавен интерес, а Општина Битола е должна да планира соодветни активности и од својот Буџет да обезбеди финансиски средства за таа цел.

Програмата ги утврдува мерките за заштита на животната средина и природата на подрачјето на Општина Битола за 2023 година, преку конкретни активности во рамките на сите медиуми (воздух, водата и почвата) и областите на животната средина (отпадот, природата, биодиверзитетот, климата...) и сите елементи кои претставуваат неделива целина од животната средина.

Со Програмата се дефинираат конкретните проекти, потребата од нивно реализирање, целите кои со тоа ќе се постигнат и потребните финансиски средства.

**Заштита на квалитетот на амбиенталниот воздух**

Управување на квалитетот на амбиенталниот воздух се врши преку :

**Реализација на Планот за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух**

Планот за подобрување на амбиенталниот воздух е стратешки документ според Законот за амбиентален воздух, Член 26, чија основна цел е превземање на мерки за намалување на нивоата на загадување и постигнување на соодветните гранични вредности за квалитет во утврдениот временски период согласно пропис донесен врз основа на овој закон. На територијата на Општина Битола, согласно овој стратешки документ, поставени се две мерни станици Битола 1 и Битола 2 преку кои секојдневно се следи квалитетот на амбиенталниот воздух.

За Општина Битола, како пилот општина избрана од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање и беше изготвен нов 5 годишен План за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух.

Реализацијата и спроведувањето на мерките предвидени со Планот треба да се одвиваат во континуитет, а истите се однесуваат на:

- Оценување на квалитетот на амбиенталниот воздух кое се врши врз основа на редовни мерења преку државната мрежа и информирање на јавноста преку Соопштенија при надминување на Праг на информирање и Праг на алармирање.
- **Ажурирање на Катастар на загадувачи - Согласно Програмата за животна средина за 2021 година, Општина Битола** доби уште еден стратешки документ - **Катастар на загадувачи на територија на Општина Битола**. Со изработката на Катастарот на загадувачи се доби основна квалитативна и квантитативна база на податоци за состојбата со емиторите и емисијата на загадувачките супстанции во воздухот, водата, почвата, генералниот отпад и постапувањето со истиот, заради следење на трендовите на основните индикатори за квалитетот на животната средина во Општина Битола, како и заради контрола на успешноста на превземање на мерки врз основа на соодветните одлуки и решенија на локално ниво. Неговата изработка е Согласно член 41 и 42 од Законот за животна средина

и „Правилник за формата, методологијата и начинот на водење и одржување на Катастар„ при што целосно беа опфатени и реализирани сите содржини и активности, обработени податоци, извршена верификација на истите, а потоа внесени во база на податоци.

Доажурирање на постоечкиот Катастар на загадувачи со внесување на податоците од претходната и тековната година согласно Решенија за одобрени елаборати за заштита на животната средина и нови Б интегрирани дозволи.

- **Изработка на Зелен катастар на територијата на Општина Битола, кој претставува** стратешки документ согласно Законот за јавно зеленило член 5 став1

  Изработката на зелениот катастар Дел втори на територијата на Општина Битола продолжува и оваа година и тоа за потегот од ул.Партизанска -Дел од Градски парк – Булевар Социјалистичка Револуција- Довлеџик до кружен тек Педагошка.

- **Изработка и имплементирање на ЛЕАП, согласно чл. 61 од Законот за Животна средина ЛЕАП е развоен стратешки документи за состојбите, за идентификување на слабостите и за предлагање мерки и активности за подобрување на состојбите.**

**Управување со отпад**

- **Акција за чистење на градот – Генералка викенд**

  Акција за чистење на дивите депонии во соработка со граѓаните преку Урбаните заедници, како и со основните и средни училишта се со цел почиста Битола.

  Акцијата Генералка викенд беше успешно спроведена од страна на Општина Битола во соработка со јавните претпријатија, Министерство за животна средина и просторно планирање, општествено одговорни компании, Пакомак под капата на Мен анд маутајн.

  Поради успешноста на проектот во 2022 година, акцијата продолжува и во 2023 година со нов формат.

Датум на спроведување на Акцијата Генералка викенд 2023 е во мај.

**Уредување на дворни места во колективни домувања**

Продолжување на акцијата за отстранување на диво поставените гаражи во зоните за колективно домување, изработка на проектни решенија за уредување на истите и трансформација во места со исклучителни вредности – решавање на паркирањето, но и формирање на зелени оази со места за одмор и рекреација, детски катчиња...

Целта е да се уредат дворните места во колективните домувања пред се во Централно градско подрачје, а самиот проект да се одвива во соработка со ЈП Комуналец.

Зелени површини,уредување на просторот и оградување на истиот со столбчиња, поставување на детски реквизити секаде каде што истиот го дозволува, поставување на урбана опрема (клупи,канти за отпадоци,осветлување.....).

**Подигнување на јавната свест**

Подигнување на јавната свест со реализација на проекти, организирање на манифестации, одбележување на денови од еколошкиот календар, натпревари, дефилеа, работилници со пропаганден материјал и слично во соработка со ЈП Комуналец , градинки и основни училишта, изготвување на Анкетни прашалници.

Целта е да ги охрабри луѓето да преземаат чекори за заштита на животната средина и да водат грижа за планетата .

Одбележување на Светскиот ден на животната средина 5ти јуни како еден од најзначајните денови за поттикнување на глобалната свест за заштита на животната средина.

## Финансирање на проектите предвидени со оваа програма

Финансирањето на проектите од оваа Програма, се врши од средства на:

- Буџетот на РСМ
- Буџетот на Општина Битола
- Средства на заинтересирани правни и физички лица чиишто барања и подрачја на интерес се прифатливи за Општината
- Донации
- Меѓународни фондови

## Реализација на програмата

За реализација на Програмата се поднесува Извештај за нејзиното спроведување, по завршување на планскиот период.

## Завршни одредби

Во текот на годината, Годишната Програма може да се менува и дополнува, во зависност од стратегијата и потребите на Општина Битола.
За реализација на оваа Програма е задолжена Комисијата за човекова околина при Советот на Општина Битола, Советот на Општина Битола, Градоначалникот на Општина Битола и Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина на Општина Битола
Годишната програма ќе биде објавена во службено гласило на Општина Битола.
Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општината Битола.

Изработил

Александра Ангеловска – Соработник за животна средина

**Преглед на потребните финансиски средства од Буџетот на Општина Битола согласно Програма за животна средина за 2023 година**

| | **Програма за животна средина** | **Буџет: 1.475.000,00 денари** |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на Зелен Катастар дел втори | 500.000,00 денари |
| 2. | Услуги за заловување и стручен третман на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња на територијата на Општина Битола | 400.000,00 денари |
| 3. | Ажурирање на Кастар на загадувачи за 2022 и 2023 година | 25.000,00 денари |
| 4. | Уредување колективни згради на дворните места со зелени површини и поставување на урбана опрема во соработка со ЈП Комуналец со Договор за префрлување на средствата | 500.000,00 денари |
| 5. | Изработка на ЛЕАП | 472.000,00 денари |
| | **Субвенции** | **7.075.000, 00 денари** |
| 1 | Субвенционирање на инвертер клима уреди | 1.600.000,00 денари |
| 3 | Субвенционирање на енергетска ефикасност колективни згради | 3.125.000,00 денари |
| 4 | Субвенционирање на енергетска ефикасност на колективни згради Јавен повик од 2022 година за доисплата на добитниците според Договор | 750.000,00 денари |
| 5 | Субвенционирање на замена на дограма за домаќинства | 1.600.000,00 денари |
| | **Капитални** | **1.500.000,00 денари** |
| **1** | Физибилити студија за видео надзор | 1 500 000,00 денари |
| | **Вкупен буџет** | **10.472.000,00денари** |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 25.12.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 138/5 | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина

Сл-31

25.12.2023 год.

Битола

До
Емилија Илиевска
Лице задолжено за информации од јавен карактер

ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање врска предмет бр.11-138/1 од 25.11.2023 година

Во врска со Барање бр.11-138/1 од 25.12.2023 година, а се однесува на информации поврзани подготовка и усвојување на годишни програми за животна средина за Заштита на животната средина за 2022,2021,2020 година, Ве информираме дека:
Општина Битола секоја година преку Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина изработува Предлог Програма за животна средина со финансиски средства, а истата ја одобрува Совет при Општина Битола.
Во прилог Ви ги доставуваме Годишните програми за 2020,2021 и 2022 година како и нивните измени.
Што се однесува до второто прашање Ве информираме дека секоја година во месец март испраќа Извештај за реалицацијата на проектите и активностите во усвоените годишни програми за животна средина за претходната година до Совет на Општина Битола и до МЖСПП и истите Ви ги доставуваме во прилог.
Општина Битола води Регистар за Б интегрирани дозволи во кои го води активните иматели на Б интегрирана дозвола.
Бројот на активни иматели на дозволи е 13.
Во периодот од 2020 год до 2022 година издадени се 3 Б интегрирани дозволи и истите можат да се најдат на официјалната страна на Општина Битола.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 316 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

Прилог
Годишни програми за животна средина за 2020,2021,2022 година
Годишни извештаи за реализација на Програмите за животна средина

Со почит,

Изработил: Александра Ангеловска
Контролирал: Љубо Атанасовски диа

РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

м-р Валентина А. Кривашија диа

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 316 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за финансиски прашања**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 29.12.2023

| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 11 | 138/6 | | |

До
Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Врз основа на Ваше барање од 21.12.2023 година број 11-138/1, Ве известуваме дека:

1.3 Општина Битола во 2020 година не доби средства за надоместок за производство на енергија од фосилни горива.Во 2021 година исплатени се 11.271.505,00 денари ( договорени 11.272.125,00 денари) и во 2022 исплатени 15.021.294,00 денари (договорени 15.124.445,00 денари). Средствата се исплатени според програмата кон добавувачите по пат на цесии.

2.1.Приливите се планираат на 718138 -Надоместок за производство на енергија од фосилни горива , но мора да напомениме дека Министерството за животна средина не ги префла средствата во Буџетот на Општината на горенаведеното приходно конто, туку по пат на Цесии ги трансферира средствата до добавувачите кои ги извршиле градежните работи.

2.4.Приливите не се евидентираат поради тоа што Министерството за животна средина не ги трансферира средствата во општината туку кај добавувалите кои ги изведуваат работите иако ние години уназад ги планиравме средствата и на приходно конто 718138- -Надоместок за производство на енергија од фосилни горива и во расходниот дел во програма РА – Заштита на животната средина (капитални расходи).

2.5 преку Цесија

3.4. Да приходите по основ на надомест на Б-интегрирана дозвола се водат на буџетска поставка 718127.

4.1.ЕЛС приходите ги троши за подготовка на проекти и комунални дејности во интерес на општината.

4.2.Приходите се добиваат во Буџетот на општината не на посебна сметка.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 328 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за финансиски прашања**

4.3. 733119- Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини ( по основ на простор)
733120- Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини ( по основ на експлоатитрана минерална суровина)
733147- Надомест на концесии за користење на вода за производство на електрична енергија

4.4.Општина Битола добива приходи од следните концесии:
733119- Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини ( по основ на простор)
733120- Надомест за концесии за експлоатација на минерални суровини ( по основ на експлоатитрана минерална суровина)
733147- Надомест на концесии за користење на вода за производство на електрична енергија

Битола
29.12.2023 година

Раководител на Сектор
за финансиски прашања
Б. Талевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 328 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА
СЕКТОР - ОПШТИНСКИ ИНСПЕКТОРАТ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 04-01-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 138/7 | | |

Бр. 52-03
03.01.2024

До
Емилија Илиевска и Евгенија Чукалева
Сектор за правно-нормативни, административни и општи рработи
Одделение за административни и општи работи

Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Врска: Ваш Бр. 11-138/3 од 25.12.2023

Одговор на точка 3.5. во делот од моја надлежност:

Како Овластен инспектор за животна средина вршам редовен надзор на инсталациите кои поседуваат или треба да поседуваат Б интегрирана еколошка дозвола. Во моментот такви инсталации се вкупно 12. Во последните три години извршени се:

- 12 редовни надзори во 2023 г.
- 15 редовни надзори во 2022 г.
- 14 редовни надзори во 2021 г.

Јулијана Ивановска
Овластен инспектор за животна средина

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА
**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-138/8
05.01.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted]однесено на **21.12.2023 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање **( Согласно Законот за локална самоуправа, општините се должни да подготват и усвојат годишни програми за животна средина. (детален опис на барањето во прилог на решението)**

## СЕ УВАЖУВА

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**
**Во Прилог:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-138/1 од 21.12.2023 година
2. Допис до Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина бр. 11-138/2 од 25.12.2023 година.
3. Допис до Раководител на Општински инспекторат бр. 11-138/3 од 25.12.2023 година.
4. Допис до Раководител на одделение за финансиски прашања бр. 11-138/4 од 25.12.2023 година.
5. Одговор од Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина бр. 11-138/5 од 25.12.2023 година.
6. Одговор од Раководител на одделение за финансиски прашања бр. 11-138/6 од 29.12.2023 година.
7. Одговор од Раководител на Општински инспекторат бр. 11-138/7 од 04.01.2027 година.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 05.01.2024 година, под бр. 11-138/8.

**Службени лица за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

________________________

**Евгенија Чукалева**

________________________